Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014 и 199/2014), член 9, став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/201 и 20/2015) и член 55 став 4, алинеја 1 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Научниот институт за тутун Прилеп, во состав на УКЛО Битола, Советот на Научниот институт за тутун Прилеп, на 5та седница одржана на 05.05. 2017г., го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К

## З А
## И З М Е Н А И Д О П О Л Н У В А Њ Е

## НА

## ПРАВИЛНИКОТ
**за**
**внатрешна организација на Научниот институт за тутун Прилеп**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација на Научниот институт за тутун Прилеп во состав на УКЛО Битола бр. 01-199/1 од 14.03.2017г., за кој се доби Писмена согласност бр. 12/6 – 839/2 од 17.03.2017г. од Министерството за информатичко општество и администрација се врши измена и дополнување и тоа :

### Член 2

Во Чл. 3 - Називот на Службата за финансиско и сметководствено работење се заменува во **Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.**

### Член 3

Во чл. 5 став 2 кој гласи “Во состав на одделенијата постојат акредитирани и специјализирани лабораториии“ се бришат зборовите акредитирани и специјализирани.
Во делот на Акредитирани лабораториии по редот - контрола на автентичност и квалитет на тутунска суровина се додава нов ред
- контрола на здравјето на растенијата

По ова следува нов ред кој гласи “специјализирани лаборатории“:
Во точка 7 се врши промена на називот на Служба за семепроизводство, во Служба за производство на тутунско семе и тутун.

**Член 4**

Во чл. 8 Називот на Службата за финансиско, сметководствено и комерцијално работење се заменува во Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.

**Член 5**

Во чл. 10 Називот на Службата за финансиско, сметководствено и комерцијално работење се заменува со Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.

**Член 6**

Во чл. 15 стандардот ISO/IEC 17025 : 2005 се заменува со МКС EN ISO/IEC 17025 : 2006 , а целосно се бришат зборовите „ може да “.

**Член 7**

Став III.1.2. Називот Службата за финансиско, сметководствено и комерцијално работење се заменува со Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.

**Член 8**

Во чл. 20 Називот на Службата за финансиско, сметководствено и комерцијално работење се заменува со Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.

**Член 9**

Во чл. 21 Називот Службата за финансиско, сметководствено и комерцијално работење се заменува со Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.

**Член 10**

Во чл. 22 во Графичкиот приказ на организацијата на Научниот институт за тутун Прилеп - Органограмот, се врши измена во називот на Службата за производство на тутун и тутунско семе во Служба за производство на тутунско семе и тутун и називот на Службата за финансиски и сметководно

- комерцијални работи во Служба за финансиско, сметководствено и материјално работење.

## II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Со влегувањето во сила на овој Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на научниот институт за тутун Прилеп, станува составен дел од Правилникот за внатрешна организација на Научниот институт за тутун Прилеп во состав на УКЛО Битола со бр. 01-199/1 од 14. 03. 2017г.

**Член 13**

Овој Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на научниот институт за тутун Прилеп, влегува во сила со денот на објавувањето во „ Билтенот на УКЛО Битола“, а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор

Проф д-р Гордана Мицеска